А. УПАТСТВА ЗА ПОНУДУВАЧИТЕ

1. Услуги што треба да се обезбедат

Нарачател на услугите е здружение на граѓани Флорозон – Центар за еколошка демократија Скопје проект „Механизам за превенција од корупција“. Адреса на проект: Никола Парапунов бр.41 локал 102, 1000 Скопје, www.florozon.org.mk, email: contact@florozon.org.mk; project@florozon.org.mk

Експертските услуги што ги бара Нарачателот се опишани во Описот на работните задачи.

2. Предмет на договорот за ангажман

Предмет на договорот е обезбедување на експертски услуги за реализација на дводневна работилница за еколошка антикорупција. Детален опис на предметот на договорот е даден во Анекс I – Опис на експертски услуги, во прилог на оваа документација.

3. Содржина на понудите

Понудите, целата кореспонденција и документите поврзани со постапката кои ги разменуваат понудувачот и Нарачателот се пишуваат на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо. Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во електронска форма и печатена форма.

Елементи на понудата

- Работна биографија на експертот
- Портфолио (референци) за правното или физичкото лице
- Предложена методологија
- Финансиска понуда
- ДРД образец од понудувачот или Тековна состојба (се однесува на правните лица)

4. Начин на поднесување на понуди

Понудите мораат да се поднесат најдоцна до 30.10.2023 година до 16 часот на следната адреса: Флорозон- Центар за еколошка демократија Скопје, адреса: Никола Парапунов бр.41 локал 102, 1000 Скопје, или електронски на contact@florozon.org.mk или project@florozon.org.mk.

Понудата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите нема да се разгледува.

5. Право на учество

Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно физичко или правно лице-понудувач.

6. Цена на понудата

Цената на понудата се пишува со бројки и букви.

7. Валута на понудите

Цената на понудата се изразува во денари без вклучен данок на додадена вредност. Проектот е ослободен од данок на додадена вредност (се однесува на правните лица).

8. Критериуми за доделување на договор

8.1 Критериуми за доделување на договорот за експертски услуги се содржани во Анекс I – Опис на експертски услуги. За носителот на експертската услуга ќе биде избран оној понудувач кој ќе достави најдобра понуда.

ЦЕД Флорозон го задржува правото да ја прифати или одбие било која понуда. Изборот на понудата ќе се врши според процедурите на проектот „Механизам за превенција од корупција“.

9. Потпишување на договорот

По завршување на изборот за најповолен понудувач, сите понудувачи во постапката ќе бидат известени за одлуката за прифаќање/одбивање на доставената понуда. Известувањето е од информативен карактер и не предизвикува правни последици.

Успешниот понудувач ќе биде информиран за прифаќањето на неговата понуда, најдоцна во рок од 3 дена од донесувањето на одлука за избор на најповолна понуда. Нарачателот го задржува правото да побара дополнителни документи од понудувачот. Најуспешниот понудувач ќе биде поканет да склучи договор за извршување на експертските услуги.

Бр. 0302/87-2

Скопје, 19.10.2023